# ШКОЛА ЗА МЛАДИ ЛИДЕРИ

**Школата за млади лидери** е проект на **Претседателот на Република Македонија 2009-2019, д-р Ѓорге Иванов**, за прв пат инициран уште во неговата прва изборна програма, следејќи ја неговата идеја и визија да им се овозможи на младите, талентирании амбициозни луѓе од Македонија, но и од странство, да се стекнат со нови знаења, да ги надградуваат и усовршуваат своите вештини, да ја развиваат својата креативност и менаџерски способности.



# МИСИЈА НА ШКОЛАТА

**Мисијата на школата**, е да ги стимулира позитивните вредности кај младите лидери и идни политички, културни и економски предводници на нашата земја, но и да го развие нивниот капацитет за справување со предизвиците на глобалната технологија, меѓународната конкуренција, и културната и религиска диверзификација.



# ТЕМИ
# НА ШКОЛАТА

**Темите на школите се менуваат од година во година**, од предизвиците на лидерството, старт ап бизнис и претприемништво, женско лидерство, 4-та индустриска револуција, лидерството во услови на глобални кризи и др. **Програмата опфаќа предавања и обуки во сферите на лидерството и менаџментот од страна на еминентни предавачи и гости од врвни образовни и професионални институции**, политичари и парламентарци од европски земји,амбасадори, министри, претседатели на успешни компании и бизнис групации.



# НАШИТЕ УЧЕСНИЦИ

Вкупно, во досегашните тринаесет обуки, учествуваа околу **520 млади луѓе од целата земја**, **но и од странство**, со различен академски и професионален фокус, а со желба да ги развиваат своите лидерски вештини и капацитети, и да придонесат за идниот позитивен развој на општеството и околината во која живеат и работат. Пред тринаесетте генерации учесници на Школата за млади лидери свои **предавања одржаа над 270 реномирани предавачи** од **Република Македонија, Европа и светот**.



# МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАНИЕ

**Во феверуари 2018 година, Школата за млади лидери е прогласена за најдобар социјално одговорен проект во Европа за 2017 година од страна на Светскиот инвестициски форум на бизнис ангели.**

